РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

УЖ-2.бр.17/2020

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - претседател на советот, Дијана Димитрова и Фани Илиевска - членови на советот, со записничар Милка Стефановска Трпевска, судски соработник, решавајќи по жалбата на тужителот ДПТУ РИСТОВИ ИР ДООЕЛ од село Владиевци, Василево, изјавена преку полномошник Џоко Диков, адвокат од Струмица, против пресудата на Управниот суд У-5.бр.1218/2019 од 26.09.2019 година, за јавна набавка, на седницата одржана на ден 21.01.2020 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот ДПТУ РИСТОВИ ИР ДООЕЛ од село Владиевци, Василево, изјавена против пресудата на Управниот суд У-5.бр.1218/2019 од 26.09.2019година, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕНАВРЕМЕНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Со пресуда на Управниот суд У-5.бр.1218/2019 од 26.09.2019 година, тужбата на тужителот ДПТУ РИСТОВИ ИР ДООЕЛ од село Владиевци, Василево, за поништување на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-369/6 од 05.06.2019 година, е одбиена како неоснована.

Против наведената пресуда жалба изјавил тужителот преку полномошник Џоко Диков, адвокат од Струмица, поради сторени суштествени повреди на постапката, погрешно и непотполно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, побиваната пресуда се укине и предметот се врати на повторно судење.

Вишиот управен суд, откако ја разгледа жалбата, побиваната пресуда и списите по предметот, најде:

Жалбата е ненавремена.

Имено, согласно член 7-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија" број 150/2010 од 18.11.2010 година), доколку овој закон не содржи одредби за постапката во управните спорови, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за парнична постапка.

Според член 355 став 1 од Законот за парничната постапка, второстепениот суд може на седница на совет или врз основа на одржана расправа да ја отфрли жалбата како ненавремена, нецелосна или недозволена, да ја одбие жалбата како неоснована и да ја потврди првостепената пресуда, да ја укине оваа пресуда и предметот да го врати на

првостепениот суд на повторно судење, или да ја укине првостепената пресуда и да ја отфрли тужбата или да ја преиначи пресудата.

Согласно член 356 од Законот за парничната постапка, ненавремена, нецелосна или недозволена жалба ќе отфрли второстепениот суд со решение, ако тоа не го сторил првостепениот суд.

Со член 42-а став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за управните спорови е предвидено дека против одлуките на Управниот суд странките можат да изјават жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на одлуката преку Управниот суд до Вишиот управен суд.

Од извршениот увид во повратницата за извршена достава на пресудата на Управниот суд, овој суд констатира дека истата била примена од полномошникот на тужителот на ден 01.11.2019 година, додека од увидот во приемниот печат ставен на жалбата е видно дека жалбата била пратена со препорачана пратка R123289915 на ден 26.11.2019 година, кој ден согласно одредбата од член 105 став 2 од Законот за парничната постапка, во врска со член 7-а од Законот за управните спорови, се смета како ден на предавање на судот во кој е упатен.

Од погоре цитираната законска одредба произлегува дека жалбата била изјавена по истекот на предвидениот законски рок од 15 дена, поради што Судот, согласно 7-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за управните спорови и член 356 од Законот за парничната постапка, жалбата ја отфрли како ненавремена.

Решено во Виш управен суд на ден 21.01.2020 година под УЖ-2.бр.17/2020.

Записничар - судски соработник
Милка Стефановска Трпевска с.р.

Претседател на совет - Судија
Владанка Панчурова Сулејманова с.р.

/ЛС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ IV SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË GJYKATA E LARTË ADMINISTRATIVE

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник
Р. Тодоровска